# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 82** **27 март 2020, петок** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1275. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за заштита и спасување за време на вонредна состојба...... | 2 |
| 1276. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа за време на вонредна состојба............ | 2 |
| 1277. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија за време на вонредна состојба............................... | 2 |
| 1278. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за јавните претпријатија за време на вонредна состојба..... | 3 |
| 1279. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба................................................ | 3 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-12 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1275.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 март 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр.36/04, 49/04, 86/08, 85/09, 114/09, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За координирање на работата на штабовите на единците на локалната самоуправа (општините и Градот Скопје), за време на траење на вонредната состојба, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

За време на траење на вонредната состојба координирањето на штабовите на единците на локалната самоуправа (општините и градот Скопје) се врши од страна на координативно тело кое го сочинува главен координатор, заменик на главниот координатор и 8 членови.

Главен координатор на координативното тело е заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања.

Во случај на отсуство на главниот координатор го заменува заменик на главниот координатор, директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

Членови на координативното тело се државните секретари на Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и 5 члена од редот на инспекторите за заштита и спасување во Дирекцијата за заштита и спасување.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-2494/1
27 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1276.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 март 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За донесување и доставувањето на Годишните сметки на единиците на локалната самоуправа и периодичните финансиски извештаи се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Активностите за донесување и доставување на Годишните сметки на единиците на локалната самоуправа и периодичните финансиски извештаи се одложуваат за време на траењето на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-2510/1
27 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1277.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија", 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 март 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА САНАЦИЈА И РЕКОНСТРУИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/95, 17/96, 36/97, 31/03 и 55/13) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

На рокот на отплата на главницата на обврзницата издадена од страна на Република Северна Македонија за надоместување на селективните кредити на Народна банка на Република Северна Македонија согласно член 26 став 1 алинеја 2 од Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Отплатата на главницата на обврзницата за надоместување на селективните кредити на Народна банка на Република Северна Македонија од член 1 став 2 на оваа уредба со законска сила ќе се изврши на 1 април 2021 година.

Член 3

Ова уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2598/1
27 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1278.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27 март 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За уплатата и распоредувањето на вишокот на средствата од работењето на јавните претпријатија основани од Владата на Република Северна Македонија се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Вишокот на средствата кои се остварени од работењето на јавните претпријатија основани од Владата на Република Северна Македонија, се уплаќаат во Буџетот на Република Северна Македонија.

Владата на Република Северна Македонија донесува одлука за распоредување на средствата од ставот 1 на овој член врз основа на утврдена листа на правните лица со потешкотии во работењето кои покажуваат финансиска загуба предизвикана од вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2599/1
27 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1279.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27 март 2020 година донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

(1) Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 124/19 и 275/19) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

(2) За формата на издавање и пренос на фактурите за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

(1) Електронска фактура во смисла на оваа уредба претставува фактура во електронска форма (pdf или друг електронски формат) која ги содржи сите елементи согласно со член 53 став (10) од Законот за данокот на додадена вредност и е доставена по електронски пат до примателот на прометот.

(2) Вршителот на промет, кој има право да издава фактура од ставот (1) на овој член треба да го извести примателот на прометот, преку електронска пошта, електронска порака и/или на друг начин дека за време на траењето на вонредната состојба, фактурите и другите документи од членот 53 став 2 од Законот за данокот на додадена вредност ќе ги издава во формата од ставот (1) на овој член.

(3) Вршителот на прометот кој нема да го извести примателот на прометот според начинот од ставот (2) на овој член ќе продолжи да издава фактури и други документи од членот 53 став 2 од Законот за данокот на додадена вредност во хартиена форма.

(4) Примателот на прометот во рок од 10 дена од приемот на известувањето од ставот (2) на овој член има право да го извести издавачот на фактурата дека ја одбива формата на достава од ставот (1) на овој член. Ако по истекот на 10 дена од примененото известување, примателот на прометот не ја одбие формата на достава, ќе се смета дека е согласен доставата на фактури да се врши на начинот уреден со ставот (1) на овој член.

(5) Фактурите од ставот (1) на овој член на примателот на фактурата му даваат право на одбивка на претходниот данок согласно со членовите 33, 34 и 34-а од Законот за данокот на додадена вредност, право на поделба на претходните даноци согласно со членот 36 од Законот за данокот на додадена вредност и право на исправка на одбивката на претходниот данок согласно со членот 37 од Законот за данокот на додадена вредност

(6) Со фактурата во електронска форма од ставот (1) на овој член треба:

- да биде обезбедена автентичноста на потеклото на фактурата на начин што примателот на фактурата може недвосмислено да утврди дека таа фактура е испратена од издавачот на фактурата,
- да биде обезбеден интегритетот на содржината на фактурата на начин што применетата технологија и процедури да оневозможуваат промена на податоците во фактурата,
- да биде обезбедена читливост на фактурата, односно визуелна и разбирлива слика на издадената фактура на компјутерскиот екран или други електронски уреди на еднаков начин како и на хартија.

(7) Обврзниците кои што издаваат и примаат фактури од ставот (1) на овој член се должни да ги исполнат евиденциските обврски согласно со членот 52 од Законот за данок на додадена вредност.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2605/1
27 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2020082